Писмената и книжевната дејност од Кратовско и Злетовско е тесно поврзана со дејноста на Лесновскиот манастир. Култот на овој манастир е поврзан со пустиножителскиот пат на Св. Гаврил Лесновски. Најзначаен претставник на оваа школа е Станислав Лесновски кој придонел за развивање на оваа школа во која се негува калиографското препишување.

## Лесновски Ковачевиќев пролог



***Фрагмент од Второит Лесновски Пролог***

Второит Лесновски пролог познат и како Лесновски Ковачевиќев пролог претставува

средномакедонски килилски ракопис. Потекнува од периодот помеѓу 1330 и 1340 година. Содржи 221+ 1 пергаментен лист. Пишуван е во Лесновскиот Манастир од двајца пишувачи, од кои едниот бил Станислав Лесновски. Писмото е кирилско. Украсен е со скромна орнаментика, главно изразена кај иницијалните букви. Содржинската структура е стара (нестиховна) од типот на Константин Мокински. Има и кратки житија за некои од словенските светители. Во 1330 и 1340 година во Лесновскиот книжевен центар се препишале уште два пролога од една иста предлошка, во кои исто така со пишување учествувал Станислав Лесновски (Прв Лесновски пролог – Белград САНУ бр. 53 и Трет Лесновски пролог – Белград НБ, Стара збирка бр. 27). Овој манускрипт се чува во Белград, (НБ, Нова Збирка Рц 705).

Извор:

- *Илија Велев, Македонскиот книжевен XIV век,Скопје 1996, p. 45–51;*
- *Илија Велев, Лесновскиот книжевен центар, Скопје 1997, p. 137–144;*
- *Ѓорги Поп-Атанасов, Илија Велев и Маја Јакимовска-Тошиќ, Творци на македонската литература (IX–XVIII век), Скопје 2004, p. 96–104.*

**Лесновски паренезис**

